СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветтото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 14 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**СОДРЖИНА Н4 ДИСКУТАНТИ ОД 9-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 61-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14 ЈУНИ 1993 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН -13
2. АНДОНОВ ТИМЕ - 2, 5
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 22
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 30, 31
5. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР -18
6. ИВАНОВ ИВАН – 33, 34
7. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 32
8. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 17
9. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 16
10. МАНЕВ ЕФТИМ - 14
11. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 4, 6, 10, 11, 12, 13, 20, 21
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 9, 13
13. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 20, 35, 36
14. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 23
15. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 25, 26
16. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 12


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Деветтото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јуни 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Отсуство од денешната седница најавија пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски и Димитар Димитровски.

Го молам Собранието за една согласност за натамошниот тек на расправата. Бидејќи е најавено усогласување меѓу Владата и предлагачот на амандманот на член 107, господинот Ефтим Манев, тој амандман се подготвува во службите сега, па ако се согласувате да продолжиме со расправа по другите амандмани и кога ќе ни биде поделен овде, да се вратиме пак на амандманот на господинот Манев.

Дали се согласувате? (Се согласуваат)

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 107 , став 3 поднесен од Законодавно правната комисија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака.

7 пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 107, став 3 поднесен до Законодавно правната комисија.

Ве известувам дека амандманот на член 108 став 1 поднесен од пратеникот Петар Горѓиев претставникот на Владата на седницата на Комисијата за стопанство го прифати и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 108, за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Тиме Андонов и пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Молам кој бара збор?

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во овој член се работи за тоа што во членот 3 од овој закон претпријатијата што се изземаат од трансформација по овој закон овде во вториот став, ќе го прочитам, се вели: "Претпријатијата од став 1 на овој член на Агенцијата издаваат акции за остатокот на општествениот капитал, кои на Агенцијата и обезбедуваат мнозинство на гласови во Собранието на друштвото". Јас разговарав и со министерот , овде има и Владата замисла дека без разлика, претпријатијата и да се трансформирани и повеќе од 50%, управувачките права ќе ги преземе агенцијата, со

I/3.-

образложение дека со овој закон се предвидува и така наречени "златни акции", па и со 1% од акциите Агенцијата може да ги има управувачките права.

Овде се работи посебно за монополските организации, каде има концентрирано капитал, и тоа повеќето од капиталот на Републиката, а со претходните два закони, Законот за општествен капитал и Законот за лични доходи, беше дозволено овие претпријатија да се трансформираат. Овие претпријатија, меѓу кои и со закон беа поставени монополски, не објективно е да им се признаат акциите кои досега ги имаат купено или интерните акции што ги имаат добиено постарите закони и има случаи во овие организации, и по вработени, јас и порано во општиот претрес по овој закон наведов дека и по повеќе стотици илјади марки овде припаѓа на секој вработен во една организација. Јас тргнав од тоа што ова е всушност во досегашниот систем општествен капитал, инаку кога со закон е нешто врзано тоа е државен капитал, државата дозволува на такви организации , овие акции со бришење на овој став односно со донесување на други закони, со кои ќе се дозволи трансформација, законски ќе се постави како ќе се трансформираат овие организации , моментално да имаат статус кво, да не се признаат, да не се легализираат нивните досегашни акции туку дополнително со донесување на други закони за овие претпријатија да се најде начин како ќе се трансформираат. Но не на овој начин каде сега најмногу добиваат вработените од овие претпријатија. А јас сум убеден дека не можат сите вработени, ако појдеме и од тоа дека треба капиталот да оди во одделни раце, кај способните менаџери, овде станува збор дека се делат, капиталот се дели на сите вработени и од претпоставката дека сите работници утре може да бидат добри акционери, бизнисмени или оплодувачи на капиталот. Затоа, мислам дека овој член треба да се брише, а со донесување на нови закони за овие претпријатија да се каже начинот како ќе се трансформираат.

I/4.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, она што мене ми создава проблем при образложението на господинот Тиме Андонов е противречноста на образложението. Во првиот дел тој се залага за тоа дека овие имале право да се приватизираат според самиот закон, а во вториот дел напаѓа што вработените во овие роганизации ќе се стекнат со имот. Еден став кој што во себе внатре е неконзистентен.

Второ, не води сметка ниту за правната реалност во која што живееме ниту за економските цели. Целиот закон всушност го воведуваме со цел положбата на граѓанинот поединец да биде подобрена. А како ќе се подобри? Преку зголемување на конкуренцијата во стопанството, за да стопанските претпријатија, едноставно со цената и квалитетот се борат за довербата на купувачите. Со тоа се снижуваат цените. Точно тоа не е обезбедено во монополските организации. Постои едно правило во приватизацијата, кое вели: Прво демонополизираја потоа приватизирај. Ние држејќи се до тоа правило сега обезбедуваме агенцијата да може да наметне начин на трансформација подоцна, кој што ќе значи демонополизација. Наместо да се сфати оваа наша интенција, господинот Тиме Андонов вели дека ќе се легализираат акциите. Меѓу- тоа, прочитајте го членот со неговиот предлог. Ако го избришеме став 2, тогаш тотално ќе се легализираат акциите во тие претпријатија и ниеден закон на светот не ќе може да го измени. Значи, ни се кажува дека целта е ваму, а фактички се пука на оваа страна.

Затоа, морам од име на Владата да Ве замолам да го одбиете овој амандман со свест дека само на овој начин ќе можеме нашата економија да ја направиме навистина пазарна конкурента економија.

I/5.-

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Јас можеби сум и недоречен, но според излагањето на министерот изгледа дека не сме добро разбрани. Ако Владата има намера на овој начин после да најде начин како ќе се трансформираат овие претпријатија, таа може со овој член, со бришење на овој член, може да додаде друг член, има полно право , со што ќе ги преземе сите акции од овие монополски организации, па тоа може многу подобро да го направи. Ова што го излагав преска мислам дека е така и не може поинаку да биде, и министерот знае добро, па Владата нека направи така, да ги преземе сите акции, а потоа нека најде начин за трансформација, а го има тоа право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака.

18 пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 108 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Тиме Андонов и пратениците Драги Арсови, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Отворам претрес по амандманот на член 109 поднесен од Законодавно правната комисија.

Молам, која бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

I/6.-

Кој е за, молам да крене рака.

15 пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 109 поднесен од Законодавно правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 110, став 1 за заменување на ставовите 2, 3, 4, 5,б и 7, со нов став 2 и на став 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Моја должност е да објаснам неколку работи. Поаѓајќи во трансформација или во градење на македонскиот тип на приватизација, при тоа сакам да кажам тој македонски тип на приватизација само требаше да означи дека ја респектираме и економ-ската и правната позиција во која што се наоѓа нашата земја, а всушност на таа позиција да примениме светски испробани методи, значи, поаѓајќи во таа трансформација, наша интенција беше фактички дел од интересните акции, ако може, заради тоа што создадоа голема забуна, да бидат прогласени за невалидни. Тоа беше на почетокот. Испитувајќи ја ситуацијата, утврдивме дека законски тоа не можеме до крај да го спроведеме, Бидејќи решението законски е неодржливо, независно од личните желби на поединци и во работата на Комисијата, а и мои, ние едноставно присилени да се држиме до законот и Уставот, моравме ваквиот амандман да го одбиеме. Само од тие причини, а не заради тоа што не ја прифаќаме неговата логика.

Молам, дали уше некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 110 став 1 за заменување на ставовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7, со нов став 2 и на став 8 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 110 за менување на текстот на став 2 и 3 и за додавање на став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата има подготвено свои текст кој во голема мера инкорпорира голем дел од овие предлози. Меѓутоа, еден дел од овие предлози не беа инкорпорирани во текстот што го подели. Во меѓувреме, Владата има прифатено амандман, пред се на господин Симо Иванов, кој стана составен дел на член 110 и сите овие предлози што фактички се предлагаат од пратениците Драги Арсов, Петар Темелковски и Драги Гроздановски фактички се вградени во сегашниот изглед на член 110, заедно со прифатениот амандман од господинот Симо Иванов. На тој начин сметаме дека ова е непотребно, дека овие решенија кои што ги бараат пратениците се веќе вградени во постојниот текст.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, господин Грозданов.

Значи го повлекувате, немаме амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 110, став 2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

1 пратеник гласаше за овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 110, став 2 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на членот 110, став 2 и 3 за додавање нов став по ставот 3 и за бришење на ставовите 6 и 7, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Владата на Република Македонија прифаќа во став 3 на овој член да се избришат членовите - "со закон пропишаните обврски". Со прифаќањето на овој дел од амандманот без предметно станува додавањето на нов став по ставот 3.

Предлагачот на амандманот господинот Иванов не е тука.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Незнам дали сега господинот Иванов, после овој став на Владата би го повлекол овој амандман. Меѓутоа, сепак да одиме по деловникот во процедура.

Јас отворив претрес и никој не бараше збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

нема никој.

Бидејќи никој не гласање, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 110 , став 2 и 3 за додавање на нов став по

ставот 3 за бришење на ставовите 6 и 7 , поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 110, став 4 поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Ниту еден.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 110, став 4 , поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 110, став 4 поднесен од Комисијата за стопанство.

Молам, кој бара збор? (Никој)

(Некои од пратениците даваат знаци)

Комисијата го повлекува амандманот.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на член 110, став 4, по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 110 став 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господинот Миљовски има збор.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. Јас мислев дека се оние измени што ги направивме и се исцрпени границите на менување на тој амандман и сега никакво понатамошно менување на тој амандман не можеме да прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Бидејќи не доби ниеден глас, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 110, став 4 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 110, за додавање нов став по ставот 4 поднесен од пратеникот Ристо Станковски.

Молам, кој бара збор? (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 110 став 6 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Двајца пратеници гласаа за овој амандман.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 110, став 6 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 111-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот, пред се заради тоа што содржината на амандманот е донекаде неодредена. Затоа што ништавност по правило се препишува за конкретно пропишани правни дејствија или акти. Спроведување на законот е обезбедено со кривична правна заштита и со казна за стопански престап. Во овој закон кој ви го предлагаме конкретно е пропишано кои дејствија се сметаат за ништавни како што на пр. тоа се наведени во член 32, член 100, член 106, член 107 и во некои други членови. Додека во амандманот, фактички, се предлага генерална ништавност на цела низа постапки. Цела низа ништавност не е вообичаена, ние точно предвидуваме кои постапки во досегашната трансформација се ништавни или треба да се прогласат како ништавни откога ќе се констатира дека се направени. Затоа, мораме да го одбиеме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Ниту еден пратеник не гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 111-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 112 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија (го повлекуваат амандманот).

II/3

Отворам претрес по амандманот на член 115 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас го немам текстот на амандманот а за да не ви кажам нешто погрешно, ве молам вие да ми го дадете, еден имаме повлечено во член 115. Мене ми е жал што морам да констатирам, меѓутоа точно тоа се случи што мислев. Член 115 нема став 2. Оттука, предлогот член 115, став 2 се брише е беспредметно да дискутираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали предлагачот Санде Давчев е тука? (Не е тука).

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ако може да расчистиме една исправка. Ние во претходната расправа на член 115 дадовме едно дополнение, меѓутоа, ми се чини не беше како став 2. Дискутирајќи по еден претходен член, Владата се изјасни дека таа измена ја повлекува. Бидејќи со претходниот амандман беше решен целиот проблем, така што тој предлог на Владата кој што беше накнадно даден на член 115 е фактички од нас повлечен. Ако господинот Санде Давчев мислел на тој додаток кој што го даде Владата, тој пред неколку дена и онака беше повлечен,така што не фигурира како составен дел на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро,- проблемот е апсолвиран.

Господин Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас сакам да дадам едно објаснување. господине Миљовски, во членот 115, во став 1се додаде став 2 од Владата, кој беше: "Деловите од претпријатијата кои согласно Законот за претпријатија се

организирани заради професионално оспособување и вработување на инвалидирани лица итн. сега господинот Давчев бара да се укине. Според тоа, бидејќи во член 5 став 3 веќе се донесе, автоматски ова е невалидно. Во тоа е работата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи сите други амандмани се завршени, останува уште амандманот на Владата на член 107, еве за момент ја прекинувам седницата на Собранието додека се умножи амандманот на Владата, па потоа одиме кон заклучување на расправата.

Ве молам, да не ја напуштате салата затоа што сме информирани дека материјалот е умножен. Има деловничка обврска да се умножи материјалот. Ме известија дека во секој момент ќе го умножат и потоа ќе продолжиме со работа.

(Па паузата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Паузата е побарана да се обиде претставникот на Владата да на^е некоја формулација од амандманот на господинот Манев која би била прифатлива за Владата да стане составен дел на текстот. Во тој случај нас ни се потребни две информации.

Прво, претставникот на Владата треба да ни каже дали дошол до таков текст кој го прифаќа како составен дел на текстот. Второ, дали и во тој случај, имајќи предвид дека тој текст е составен дел на законот господинот Манев го повлекува својот амандман.

Има збор господинот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, сакам да ве известам за сите овие работи за кои што говореше претседателот на Собранието, меѓутоа, и за она што нас не натера воопшто овој текст да го ставиме во Законот. Имено, ние

утврдивме дека цела низа трансакции со имот, статусни промени во организации, во претпријатијата во Македонија се вршени и фактички немаше закон со кој што тие трансакции би се регулирале. Ние видовме дека во постапката на трансформација ќе мора дел од тие работи да се проконтролира, да се расчисти. Вие сите сте свесни дека во Нацрт на законот овој член 107 го немаше, Владата го додаде токму со желбата да се прекинат евентуални нечесни дејствија во стопанството. На текстот кој ние го предадовме во Предлог-законот господин Манев имаше свој текст и она што мене ме натера да побарам пауза за усогласување беше следното: И двата текста имаа иста цел. Имаат цел да се спречи криминалот. Се плашев дека тука ако раcправаме за формулација на Собрание сите вас би ве довеле во многу непријатна ситуација да слушате, да кажам дискусија каде запирка, каде точка, каде кој текст. Со господин Манев седнавме и навистина имавме многу плодотворен разговор. Значаен дел и од неговиот амандман го вградивме во ова што сега е составен текст на предлогот. Значи Владата поднесува нов текст на членот 107, а од господин Манев бев известен дека е тој спремен да го прифати ова како заедничко решение, како решение кое што ги задоволува двете страни и да ги повлече своите амандмани за да не гласаме непотребно. Тоа е она што можам јас да ви го кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, сега вие го имате текстот на член 107,поделен е , а го молам господинот Манев да го објасни.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

По однос на предложениот амандман на Владата по членот 107, точно е тоа дека имавме разговори со министерот по однос на мојот предлог - амандман и сега новиот текст на членот 107 предложен од Владата во голем дел моите замисли во амандманот се вклопени во овој

амандман. Постои само една разлика тоа што и понатаму проверката на контролата ќе се врши по барање на јавниот правобранител, јавниот обвинител и агенцијата и другите инспекциски органи, што сепак сметам, доколку Република Македонија, Владата која што е денеска на власт ако сака да го спроведе овој закон исполнети се сите услови овој член да гласи вака како што е даден. Инаку, разликата е во тоа што со мојот амандман кај што јас барав облигатор на контрола. Доколку не се сака да се спроведе тоа, ако не го сака тоа Владата, тоа не би го спровела, иако е така тврд како што беше поставен. Сепак сметам дека сите овие институции кои се вклучуваат со оваа одредба далеку можат повеќе да придонесат да се отклони, што се смета дека е направен криминал во овој период од 1990 год. па наваму.

Инаку, сите други одредби се сосема така како што беа во мојот амандман, а и мојот амандман корпорираше одредби од членот 107. Не беше некоја чиста новина. Од тие причини јас се согласувам како ваков да оди и мојот амандман го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега немаме амандман, нема по што да водиме расправа. Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тој се согласува со ваквиот, а не рече дека го повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Рече дека го повлекува. Немаме амандман и немаме расправа. На Владата амандманот е составен дел на текстот.

Молам, продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Амандманот на член 51 поднесен од пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија е составен дел на текстот на Предлогот на законот, само ги информирам, бидејќи е прифатен.

Според тоа, продолжуваме по текстот на предлогот на законот, Молам, кој бара збор? Господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

По поднесениот текст на Владата на овој закон радо ние го прифаќаме и така зборувавме. А изгледа тука навистина една голема политичка намештаљка се направи сега. Зошто Владата се одрекнува од она што беше зацртано во Законот. Сите амандмани ги повлековме во корист на тоа, а таа сега остана тврдо на тоа. Како е тоа сега уште ова политичко обидување по барање на обвинителот и правобранителот. Тоа е еден човек. Утре ќе му рече Владата, како што на овој му рековме да го повлече, така и тој нема да поднесе барање утре за контрола. Значи, сосема веќе апла овде се манипулира политички. Колку бев со ќев да го прифатам овој закон и овде два- три пати дискутирав дека е нужно зло и каков таков мора да го донесеме и на до крај изманипулираа сега контрола да нема, но по барање на правобранителот и обвинителот. На правобранителот ако му речете вие, како ќе му свирите тој така ќе игра. Или ќе си оди дома, или нема да слуша. Владата требаше да спроведе контрола на досега сите од 1991 година трансформирани претпријатија и со стариот и со новиот закон, а не само новиот да се оди на продавање по лицитации, туку досега со оние фиктивни амандмани. Значи, сосема се изигрува и јас се откажувам од овој закон нема да го поддржувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Митевски.

Ве молам, по текстот сега немаме што да раправаме, освен ако давате нови амандмани, инаку, нема друго. Ве молам само ви укажувам.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас имам слично мислење како и господинот Евтим Манев и господинот Мицевски и изразувам основно сомнение дека по овој став каде што се вели дека контрола, согласно став 1 од овој член се врши по барање на јавниот правобранител, јавниот обвинител и инспекциски орган на агенции. Зошто? заради тоа што при спроведување на законот за продажба на станови во општествена сопственост тој беше комплетно нем и не се вклучи воопшто за основните закономерности при доделување на овие ставови. Јас имав и пратеничко прашање, еве тука е и министерот за градежништво и сообраќај, дали тогаш јавниот правобранител постапуваше според основните одредби према Законот за станбени односи. Се знаеше кога се губи станарско право. Многу е јасен законот таму, член 67 и член 68, кој немаше право да ги купи становите. Тоа е точно. Меѓутоа, јавниот правобранител, наместо да биде дамаклов мач или огнен змеј со 12 глави кој го штити државното благо, тој си остана нем и индифирентен и становите отидоа во распродажба, ги купија еднократно и потоа еве веќе имаме, првите ги продаваа за басносновни пари. Според тоа мислам дека јавниот правобранител ако не му се овозможени да ја обавува својата функција како што треба, исто ќе се случи и со ова таканаречено акционерство досега. Според тоа, пак велам изразувам основно сомнение дека јавниот правобранител како што досега покажа пракса, навистина, безрезервно ќе се вклучи да види каде што акционерството се одвивало без основни закономерности. Знаеме ние и оние фиктивни интерни акции, книговодствена вредност и сето тоа

Според тоа, овој член како што стои овде по барање на јавниот обвинител, значи, тоа е условно. Ако сака ќе поднесе барање, ако сака нема да поднесе барање. Според тоа, јас ќе поведам иницијатива да се преиспита како е спроведен законот за продажба на општествени станови. Зашто, јас овде дискутирав. Значи едни ги купија становите, нема право да ги купат и ги купија за мали пари, ги продадоа после тоа и ќе бидат идни акционери. Други 20.000 потписи луѓе се јавија овде оштетени се навистина, нивната рата е во девизи, 40 години треба да го отплаќаат и третиот оние најсиромашни ќе останат на станарина, а станарината ќе биде сигурно брзо економска, па ќе видиме како ќе се однесуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Јас, прво, би сакал да укажам дека не се сложувам со образложението што сега претходниот дискутант го даде по однос на зафатеноста, односно опфатот во делот на ревизијата и контролата, бидејќи тоа и тој проблем е решен во Законот во член 104. Таму не се исклучува, редовна контрола е опфатена. Во член 104, на трана 36 од Законот стои јасно дека овластена организација за контрола за законитоста и исправноста на сметководствените искази врши контрола на податоците од годишната пресметка од 1989 година, 1990, 1991 година и 1992 година. Што значи дека во целиот тој период се врши комплетна ревизија на работењето на претпријатието. Оттука, не постојат апсолутно сомневања во делот на она што претходно го искажуваше претходниот пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, претресот за текстот мора на друг начин да тече. Претресот за текстот треба да каже дека некој кој ќе дојде овде ако има забелешка на некој дел треба да најави амандмани и ништо друго. По текстот нема друг начин да се води расправа. Ако нема амандман готово е. Кој има амандман нека дојде нека каже.

Господин Стојановски.

Општиот претрес е заклучен. Само со амандман може овде да се општи со новиот текст, ништо друго. Тоа ќе го отвориме кој како ќе сака да гласи кога ќе минеме на гласање. Разликувајте што е дебата, што е претрес на текстот, а што е изјаснуваше по гласањето. Тие работи повеќе пати сме ги објаснувале а уште ги мешате.

Господин Стојановски.

III/1.- НН-ВБ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој амандман на Владата сега е усогласен со амандманот на господинот Ефтим Манев. И тоа ќе биде со амандман поединечно или начелно и секој од пратениците има право и да го поддржува и да го оспорува текстот кој се нуди.

Господа пратеници, во овој текст се дава вон уставно, вон законско овластување на јавниот обвинител. Јавниот обвинител уставно овластување има да гони криминал, а не да врши инспекциски служби. Не да бара да се врши проверка или не. Ако јавниот обвинител се одлучи да бара некоја работа мора да има лице кое ќе биде третирано како извршигел на кривично дело. Инаку нема функција друга дадена со закон. Јас не знам како ќе можеме ние да гласаме за текст кој е антиуставен, а да говориме немаме амандман на него. Уставното се оспорува или проверува до моментот на гласање, па и за време на гласање. Затоа говорам, во овој текст предлогот јавниот обвинител да дава предлог за оценка дали е нешто законски или не, не може да биде, затоа што тој има функција на прогон на кривични дела односно на сторители на кривични дела. Овде дали ваква функција се дава со овој закон? Затоа сметам дека овој дел е неуставен, Владата нека се преиспита и нека даде друг текст.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа, јас мислев дека веќе поминавме во завршна фаза на донесување на законот и неочекував овие проблеми да се јават сега. Јас сосема ги разбирам сите оние кои што евентуално бараат изговор зошто да не гласаат за овој закон. Треба да се најде некакво оправдување. Меѓутоа, не е точно дека нема контрола на извршената приватизација. Господинот Георгиев тоа многу јасно го кажа. Во член 104

секој вид издадени интерни акции подлежи под редовна контрола. Членот 107 има втора функција, она што не е опфатено со таа контрола и тоа да биде на извесен начин контролирано. Значи ги прошируваме, затоа што имавме едноставно делење на претпријатија кои што не се извршени по законот за општествен капитал, и тоа требаше на извесен начин да се најде место, со што можеше да се контролира. Со овој закон се дава овластување и тие работи да се контролираат и одредени злоупотреби да се спречат.

Што се однесува до јавното обвинителство жал ми е, меѓутоа, ве молам прочитајте го Уставот на Република Македонија член 106. "Јавното обвинителство е единствено и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казнени дела и врши и други работи утврдени со закон". Господа, ова е и друга работа утврдена со закон. Член 106 на Уставот на РМ. Ако претпоставуваме дека никој во оваа сала не го знае текстот на Уставот може да дискутираме така. Меѓутоа, да поминеме и да го усвоиме овој закон и конечно Македонија да ја почне најбитната трансформација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе говорам само за додатниот текст "...и врши други работи". Господине министре, јавниот обвинител покрај други работи врши застапување пред суд, пишува обвиненија, пишува жалби, пишува предлози за помилување и слично на тоа други работи, а не да врши инспекциски работи.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Убаво ве слушав сите, го читав и законот, меѓутоа, едно е неразбирливо за мене. Јавниот обвинител треба да добие акт од некого за некој да гони. Меѓутоа, трансформацијата на претпријатијата не станува од денес. Ако од денес почнеме да трансформираме претпријатија, лесно ќе се најде кривецот. Трансформацијата почна многу порано, а ние немавме ништо тука во Собранието, да видиме кое претпријатие во кое време е трансформирано и со каков капитал. Се прашуваме веднаш , кој е тој јавен обвинител....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Анастасовски, за тоа разговаравме ние, тоа беше во општиот претрес.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не, не.., за тоа што викаме јавен обвинител. Според член 107 јавниот обвинител ја зема главната одговорност за гонење на лица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не пишува така.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Така пишува. Значи, не е спорно.'Ако не е спорно, треба да погледаме малку поназад, затоа што со овој закон ќе ги озакониме сите досегашни трансформации што настанаа во општествениот капитал. Јас не знам како господинот пратеник Ефтим Манев дојде до усогласување со Владата. Тоа мене многу ме изненадува и сметам дека малку ќе имаме, не мала, туку голема одговорност по прифаќањето на овој амандман и воопшто на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Законот го ставам на гласање.

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници. Искористувајќи го своето деловничко право сакам да ги искажам причините кои се од таков карактер, што согласно моите принципи и политичко - идеолошкото застапување на интересите на одредена категорија од населението не ми дозволуваат да се изјаснам позитивно за законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, предложен од коалиционата Влада без да барам алиби, туку едноставно политички се разликувам од предложеното кое е пред се, политичко - идеолошко прашање, а не чисто економска категорија.

Како прва причина покрај понудениот видоизменет модел за трансформација на општествениот капитал, од моја страна кое не го доби очекуваното внимание почитувани пратеници од Ваша страна, а чија основа беа и ваучерите наменети за сите полнолетни граѓани, државјани на Република Македонија и можноста преку одредени амандмани и ова прашање да се озакони, ќе повторам политичко - идеолошките разлики се очигледни иако верувам дека ваучерите можеби ќе бидат прифатени во една блиска иднина.

Второ, очигледно дека продолжениот модел од Владата како теорија не дава приближно прифатливи одговори на следните прашања.

- дали ќе се санкционира и обелодени досега извршената трансформација по однос на двата закона на Анте Марковиќ со фиктивни акции, а која јавноста ја нарекуваше и ја нарекува грабеж. Согласно со тоа и понудениот амандман од господинот Ефтим Манев на членот 107. Јавниот обвинител или јавниот правобранител и досега можеа , иако имаа вербални пријави дека во одредени фирми се случиле некои грабежи тоа да го сторат, и затоа нема да им верувам и понатаму дека ќе го сторат тоа како што е предвидено со новиот текст поднесен на членот 107 од Владата.

- дали ќе се откријат причинителите на фиктивните стечаи и одлевање на општествениот капитал во џебовите на поетики, а голем број работници од овие фирми сега гладуваат.

- колкава ќе биде успешноста од понудениот модел за приватизација при немаше готова квалитетна валута од страна на населението и при неинтерес од страна на можни странски вложувања на капитал поради ризик на подрачјето во кое што се наоѓа и нашата држава РМ. Европа, онаа богатата , иако најде начин да го сруши комунизмот кај своите соседи, како што вели чешкиот претседател Ватслав Хавел не знае и не сака заслепена од својата тесноградост да им помогне на посткомунистичките држави. Значи пред се, почитувани пратеници треба самите да си помогнеме во подобрување на условите за пазарно стопанистување што предизвикува прашање колку временски ќе трае процесот на трансформација, односно се да не се претвори со овој модел во легализирање на грабежот на столетието, би го нарекол, извршено од поедини членови на партии кои го протежираат признавањето на досега извршената трансформација, а кои помислив дека можат на некој начин да изгласаат еден ваков амандман, но видов

дека тој бил олицомерие затоа што се предлагаат овде амандмани, ќе ги заштитиме земјоделците итн. и после се повлекуваат. Тоа е за мене господа чисто лииемерие. Мислам дека со вака понудениот модел патем и со слични решенија не успеа во многу држави на пост комунизмот општествениот капитал ќе се прелее во сопственост на поединци тесно поврзани со бившата, а и сегашна лажно спротивставена партиско - позициона олигархија олицетворена во таканаречените леви партии кои се на власт, а кои сум сигурен дека ќе гласаат, јас нема да гласам за овој закон

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ова е еден од законите кои што води рекол по деновите на расправа. Мислам дека некаде 8 дена трае расправата во начело и по амандманите. На крајот дојдовме кога треба да се одлучи судбината на законот, односно дали ќе се гласа или нема да се гласа. За да направиме последен договор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, бараме 15 минути пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, 15 минути пауза. Имала потреба да се консултира една пратеничка група, а другите ако немаат потреба нека седат тука

(Пауза од 14,00 до 14,35 часот)

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа. Побаравме пауза за да се договориме како ќе гласаме при одлучувањето по овој закон. Мислам дека дојдовме до чинот на гласање по предлогот на законот за трансформацијата на општествениот капитал и во тој контекст не би сакал поопширно да зборувам, едноставно само би требало само да потсетам на она што го реков во општиот претрес за позицијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ при расправата и донесувањето на овој закон.

Бидејќи расправата по овој закон, многу важен, беше многу долга и напорна, секој пратеник немаше една целина за законот пред да го даде својот глас. Ние како пратеничка група во случајот со гласањето ќе настапиме единствено. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во овој Парламент, делува како опозиција и ги спроведува програм- ските определби на партијата во однос на прашањето за приватизација. Јасно е при ова следното.

Трансформацијата на општествената сопственост во приватна и тоа 60 и државна општествениот, сопственост 40 отсто. Со ваучери, бесплатен попуст на вработените и отплата на -акции и уделите. Да се воведе менаџментот во управувањето со претпријатијата место административно, централистичкиот систем.

- да се отстрани досегашниот грабеж на општествениот капитал, како и спречат идните грабежи. Иако тоа се програмски определби на партијата во интерес на консензусот за овој законски проект, дадовме две варијанти и тоа:

- амандмани со кои го понудувавме нашиот модел за приватизација и

- амандмани со кои сакавме да ги подобриме решенијата дадени во Предлогот на законот од Владата.

Сведоци сме дека дадените амандмани од нашата пратеничка група воопшто не беа усвоени односно не беше усвоен ниеден амандман

Што баравме со нашите амандмани, со кои сакавме да ги подобриме решенијата дадени во Предлогот на законот.

Прво, да се прошири бројот на претпријатијата и другите правни лица со општествен имот на кој ќе се врши приватизација. Значи, предлагавме поголем обем на приватизација.

Второ, да се спречи воведувањето на централистичко административниот систем на управување со претпријатијата преку Агенцијата.

Трето, да се спречат злоупотребите и тезите во проценката на претпријатијата.

Четврто, да се обезбеди поголем попуст и отплата на рати на работниците кои го создале општествениот капитал.

Петто, делимично да се реши проблемот со девизните штедни влогови преку издавање на приоритетни акции и исплата на дивиденди со што на овие граѓани ќе им се обезбеди барем минимум средства за егзистенција од својот штеден влог.

Шесто, да се укинат решенијата дадени во Законот со кој се овозможува грабеж на општествените претпријатија преку нивниот откуп од страна на таканаречените менаџери и постоечките управувачки структури.

Седмо, да се обезбеди ефикасна контрола на досегашните и идни трансформации.

Осмо, да се спречи грабежот на општествениот имот преку досегашната трансформација извршена преку ефикасна реализација на решенијата во членот 107 од Законот.

Текстот на Законот што е пред гласање нуди манипулација наместо трансформација и беше во функција на зацврстување на коалицијата со самиот чин на поднесувањето на Законот. Законот, ќе прецизирам нуди:

Наместо приватизација подржавување на општествениот ка- питал. Приватизација само на 10 до 15% од општествениот капитал; воведување на централистичко - административен систем на управување преку Агенцијата; отворање односно нерешени прашања за девизните штедни влогови, услов, основ за грабеж откупот со учество на 10 до 15% од страна на таканаречените менаџери. Легализираше на досегашниот грабеж преку досегашната трансформација преку неплаќање на даноци и придонеси. ~

Бидејќи нашите амандмани кои што беа во функција да се вклучиме во донесувањето на еден закон, кој што беше основна програмска цел на ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија и која што единствено се залагаше во предизборието токму за приватизација произлегува дека нашето учество во расправата беше само во функција на две насоки.

Првата беше да учествуваме во донесувањето на еден закон со квалитетно подобрување на понудените решенија во смисла на ова што го изнесов. Во тој случај се определивме со амандмани да влијаеме на содржината и квалитетот на законот. Познато е дека нашите амандмани не минаа воопшто славно, ниту може да се очекува дека ќе минат од проста причина што коалицијата во случајот има доволен број на гласови и може да го донесе законот без опозицијата, во случајот и да го определи својот однос спрема амандманите што ние ги изнесовме.

Во втората варијанта ние се обидовме да дадеме еден нов модел на закон преку амандманите на господинот Стоиле Стојков кои што исто така минаа неславно како и целата пратеничка група. Тоа значи не беа прифатени двата основни концепта што ги понудивме ЕС однос на приватизацијата. Целта беше и во едниот и во другиот случај Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се исклучи и да се претстави како приврзаник на политиката против приватизацијата и носењето на законот Оттука да бидам јасен и краток.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не е против приватизаиијата, не е против носењето на закон меѓутоа Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е за целосна трансформација и приватизација што е во духот и на самиот Устав на нашата Република. Парцијалното решение не е во духот и на самиот устав и се спротивно и на членот 7 на Уставниот закон.

Овој модел што ни е понуден, имавме прилика и да чуеме од одговорни функционери дека не го решава проблемот на трансформацијата и приватизацијата дека е неприменлив за што ќе покаже во скоро време и практиката.

Сакам да потсетам дека Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ веќе размислува и е цврста на определбата во наредните месеци да понуди нов концепт на закон кој што ќе биде во согласност со потребите и времето во кое живееме.

Мора да кажеме дека овој закон е закон кој што доживеал крах во источноевропските земји, каде што е донесен ваков закон без никаква функционална примена. Оттука ве интересира ставот во секој случај како ќе гласа Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Ќе гласаме воздржано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Голубовски.

III/11.-

Господинот Стефковски објасни зошто барале консултација и дури на крајот кажа како ќе гласаат сега. По пет минути има секој што сака да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Различниот приод кон понудениот проект токму во владеачката коалиција и против нечиите интереси кои што можеа да се оценат во таквото однесување во владеачката коалиција покажаа дека понудениот концепт не е идеолошки и не е предлог од позиција на владеачката коалиција туку вистинска потреба и едно експертно дело кое што и се нуди на Македонија како можен излез во оваа длабока криза. Затоа нема причина ниту опозицијата која го применува правилото да отфрла се што доаѓа од спротивната страна овој пат да влезе во сопствена замка и историски, би рекол, да не ја изврши својата улога токму како конструктивна опозиција во Македонскиот парламент по ова прашање. Сите сме соочени со својата совест, се разбира не оние кои што не ја разбираат работата затоа што тие не можат да бидат одговорни ако нешто не разбираат. И со својата одговорност за моментот и за прашањето за кое што одлучуваме бидејќи овој закон не ги одредува економ- ските односи туку го дефинира политичкиот систем.

IV/1/ЛП/ОМ

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжение)

Тој ги одредува економските односи, но не е само тоа.

Зошто ќе гласам за?

Затоа што и покрај отстапките што се содржани пред се во врска со член 26, овој законски проект е насочен против групната сопственост и групните интереси кои ни се понудија и во дел на предлозите кои требаше да бидат замена на општествената сопственост.

Овој закон, исто така, обезбедува сепак се уште една динамичност на петицијата на управувачката структура. Таа не е докрај неприкосновена, иако отстапките во член 2 6 сериозно нарушија некои идни односи. Гласам за бидејќи сум свесен дека недонесувањето на овој закон ќе предизвика крајно негативни , би рекол и драматични последици во услови на оваа длабока криза и пред се заради фактот на близината на идните избори. Се разбира, постои можност да има и предвремени, уште полошо, заради тоа што тогаш со сигурност може да претпоставиме како би изгледал некој нов понуден концепт, кога и овие политички партии кои покажаа доста имуност на популистичките тенденции ќе мораат да се однесуваат во сенка на наредните избори, оптимално, а тоа значи додворување социјално, демагогија, егалитаризам и се она што ќе не врати назад и ќе, не одалечи од нашите определби за граѓанско општество.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате уште една минута.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас се залагам за интересите на социјално загрозените структури и верувам дека тие повеќе посакуваат богата држава во која ќе има

IV/2.-

отворени и нови работни места, ќе има посериозна социјална заштита, наспроти декларациите кои ќе им донесат неизвесност, а само ќе бидат политички изманипулирани. Бидејќи и изманипулирањето на буџетот не е можно доколку стопанството не заживее.

Оттаму, да завршам, разумот бара законот да се донесе, а за авантура разумот е нешто споредно.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Овде се спомна дека поделеноста кај коалиционите партнери била резултат на една опција што овде некој ја кажа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, секој кажува зошто ќе гласа и како ќе гласа.

Не расправаме за ништо друго. Само за себе си кажувате.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Поделеноста кај коалиционите партнери овде се уновчи, што се покажа и од досегашната расправа во однос на овој закон. Придонесувањето на законот секој амандман тежеше онолку колку што беше направен договор меѓу коалиционите партнери.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете ми како ќе гласате. Вие за тоа добивте збор.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА**: (Одејќи кон местото)

Кога ќе гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Иванов Иван, исто така пет минути.

IV/3.-

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, добро е што дојдовме до завршната фаза, односно фазата кога треба да гласаме по овој фундаментален закон би рекол , кој што е многу битен за идниот развој на Република Македонија. Секако, ценејќи дека сето тоа е плод на една долгогодишна и доста напорна работа.

Меѓутоа, сакам да кажам дека сум незадоволен и загрижен од решенија содржани во веќе , ако може да кажам така, потврдениот текст на законот, а тоа мое незадоволство произлегува од таму што во веќе потврдените решенија изостанаа бројни квалитетни дополнувања односно решенија кои беа понудени во бројните амандмани. Од нив би сакал да споменам само две решенија, кои беа предлагани односно поддржувани од еден силен аудиториум, што претставува еден значаен чинител во Република Македонија. Тука, пред се, сакам да ја кажам бројката од 500 илјади граѓани, што претставува повеќе од 60% од активното население. На тоа , секако, треба да с спомене и Стопанската комора како асоцијација на стопанството и Сојузот на синдикатите како асоцијација на поголемиот дел на работниците од Република Македонија. Станува збор, како што реков, за две мошне суштествени решенија, а тоа е прашањето за бесплатното доделување на акции што како механизам е применето, меѓутоа, од оние кој што го создаваа тоа, во конкретниот случај, како решение изостана. Вториот дел е прашањето на неможноста на поголем дел работници од повеќето претпријатија кои даваа поддршка за донесувањето на закон за трансформација, меѓутоа, ќе останат во неможност преку понудениот механизам, за сето она што го гласале или пак работеле повеќе години, за период повеќе од две години, како резултат на високите и би рекол енормни давачки да не можат да го реализираат тоа право кое во поранешното законодавство

им се нудеше и што е најбитно, со членот 95 практично се вршат едни значајни квалитетни отстапувања или промени во делот на одлучувањето. Тоа значи одлучувањето натаму по овој општествен капитал и за неговата судбина, ќе остане во рацете на државата преку инструментот на Агенцијата и надлежното министерство.

Јас ги почитувам напорите и упорноста на ресорниот министер и Владата во донесувањето на овој закон со оние решенија кои тие ги понудија. Меѓутоа, тврдото стоење на таквите решенија, а запоставувајќи ги ваквите дополнувања кои ги бара реалниот живот, за мене се навистина за изненадување.

Како ќе гласам?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште една минута.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Во една ваква состојба, соочен со сите овие околности , давањето на глас за овој закон значи и една одговорност за сето она што напред го реков. Меѓутоа, поаѓајќи од фактот на партиската припадност и определбата на партиите да гласаат за овој закон, сигурно ќе биде еден елемент кој се поставува пред мене, а секако и самиот факт - подобро закон отколку работите да се пропуштаат на стихијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

IV/6.-

Понатаму, во овој закон се даваат надлежности на органи кои воопшто, со самото законско решение, ги нема. Јавниот обвинител институционално се менува. Тој е да гони извршители на кривични дела, меѓутоа, за неправилности овде има инспекции. Тоа е институционално разграничување на функциите, за кои предлагачот на законот не направил таква разлика и како ќе можам јас да гласам за неразбирање на основните функционални потреби на законот.

Понатаму, зошто дојде да се одбие предлогот да се исфрлат обрасците? Па некој сигурно ги нарачал овие обрасци кај одредена личност кои треба да се платат и нормално е дека треба и да останат Да се изврши она што нема да му биде потребно на никој. Ова е мое размислување.

Господине претседателе, оставете ме , јас го контролирам времето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште една минута имате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не ми го земајте времето.

Понатаму, што се негира со овој закон? Основното е да се знае колкав капитал имаме. До кога ќе се оди на книговодствена вредност? До кога ќе знаеме која е вистинската вредност? Со овој закон не го гледам тоа. Ќе имаше таква работа ако дојдеше до фактичко проценување и кога да се оди. Овде се даваат само форми за одлука, која постапка и кој начин ќе се избере за трансформацијата, без да се води сметка за вредноста на капиталот. Затоа, ние ова решение не го прифаќаме.

IV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор , ја заклучувам расправата.

Законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

24 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

(Во салата се разлеа аплауз)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

По повод донесувањето на овој важен закон сите присутни пратеници, членови на Владата и новинари ги поканувам на еден мал прием, неофицијален се разбира.

(Седницата заврши во 15,00 часот)